# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2602-1395/18 од 1.12.2014 година, донесена на 123. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 1.12.2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област финансиски менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 12.11.2014 година и во предвидениот рок се пријави д-р Татјана Бошков, доктор на економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Татјана Бошков е родена на 4 февруари 1986 година во Гевгелија, денес - со постојано место на живеење во Скопје.

Основно образование завршува во 2000 година во Богданци, во основното училиште „Петар Мусев”, со континуиран одличен успех. Средното образование, исто така, го завршува со континуиран одличен успех во државното средно училиште „Јосиф Јосифовски” - Гевгелија, во 2004 година.

Во 2004 година се запишува, како редовен студент, на Економскиот факултет vo Прилеп, на насоката Маркетинг менаџмент и дипломира на 4 септември 2008 година, со просечен успех 9,42. Од почетокот, па сè до крајот на студиите е корисник на стипендијата за талентирани студенти на Министерството за образование.

По дипломирањето продолжува на постдипломските студии меѓународна економија и бизнис на Економскиот факултет во Прилеп и во предвидениот рок испитите ги положува со просечна оценка 9,7. На 28 јуни 2010 година успешно го брани магистерскиот труд „Олеснување на трговијата и ефектите врз развојот на бизнисот во Р. Македонија”, изработен под менторство на проф. д-р Славица Роческа.

Во почетокот на 2011 година е поднесена пријава за изработка на докторска дисертација на тема „Влијанието на девизниот курс врз надворешно-трговската размена во мала и отворена економија – Република Македонија”, под менторство на проф. д-р Глигор Бишев. На 19 јуни 2014 година се стекнува со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката д-р Татјана Бошков има одлични познавања на англискиот, францускиот, грчкиот и италјанскиот јазик, како и добро познавање на компјутерската литература: Microsoft Office Word; Microsoft Office Excel; Microsoft Office Power Point; Microsoft Office Project; Adobe Acrobat 6.0 Professional; SPSS 15.0 for Windows Evaluation Version добро познавање на алатките на Microsoft Office™ .

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

1. Доктор на науки од соодветната научна област – доктор на економски науки.
2. Просек на студиите од прв циклус студии – 9,42 и просек на студиите од втор циклус студии 9,7.
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Меѓународни научни публикации | Години на излегување на меѓународната научна публикација |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Boshkov Tatjana** and Bishev Gligor | *"How to accelerate export led growth in contemporary world?"* | VII International conference:SMEs developmentand innovation:building competitive future of South-Eastern Europe". Ohrid, Macedonia pp.67-77 ISBN 978-9989-695-56-8 | 2014 |
| 2 | **Boshkov Tatjana** and Kokaroski Dimko | *SME development and FDI:opportunity or necessity* | VII International conference:SMEs developmentand innovation:building competitive future of South-Eastern Europe". Ohrid, Macedonia pp.55-66 ISBN 978-9989-695-56-8 | 2014 |
| 3 | **Boshkov, Tatjana** and Fotov, Risto | *Macroeconomic challenges and experience on the road to EU* | VII International Conference on Management, Economics and Accounting (ICMEA 2013)"Restructuring the economies:realities and perspectives given the current economic crisis", "1 Decembrie 1918" University, Alba Iulia, Romania pp.275-286 ISBN 978-606-613-081-3 | 2013 |
| 4 | **Dzaleva, Tatjana** and Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan | *Strategic thinking and management elements for strategy execution positively affect on business performance.* | VII Majska konferencija o strategijskom menadžmentu sa međunarodnim učešćem. pp.814-822 ISBN: 978-86-80987-85-9 | 2011 |
| 5 | Lazaroski, Spire and **Dzaleva, Tatjana** | *Managing the outsourcing activities in Balkan economies* | VI International May Conference on Strategic Management(MKSM), Bor, Srbija. pp.631-638 **ISBN:978-86-80987-77-4** | 2010 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Татјана Бошков во академската 2010/2011 година е ангажирана најпрво како волонтер на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, а потоа е вработена на истиот факултет. Како резултат на тоа, активно учествува во реализација на активностите на Катедрата за бизнис логистика, подразбирајќи менаџирање на секојдневните активности и реализација на вежби за студентите по предметите: Девизно работење, Финансиски менаџмент, Внатрешна трговија и бизнис, Вовед во осигурување, Управување со ризици, Основи на економија, Економика на претпријатија, Производствен процес во угостителството, Менаџмент на производство на храна, Промотивни активности и Договори во меѓународен промет.

Д-р Татјана Бошков има објавено бројни трудови. Од истите може да се согледа научната евалуација со научните трудови за целиот период до изборот на кандидатката д-р Татјана Бошков.

1. **Boshkov Tatjana** and Bishev Gligor, (2014) *How to accelerate export led growth in contemporary world?*In:International conference:SMEs developmentand innovation:building competitive future of South-Eastern Europe".Ohrid, Macedonia (03-04.10.2014).
2. **Boshkov Tatjana** and Kokaroski Dimko (2014)*SME development and FDI:opportunity or necessity*.In:International conference*:*SMEs development and innovation:building competitive future of South-Eastern Europe".Ohrid, Macedonia (03-04.10.2014).
3. **Boshkov, Tatjana** and Fotov, Risto (2013) *Macroeconomic challenges and experience on the road to EU*.In: International Conference on Management, Economics and Accounting (ICMEA 2013)"Restructuring the economies:realities and perspectives given the current economic crisis", "1 Decembrie 1918" University, Alba Iulia, Romania (8-9 November 2013).
4. Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and Filiposki, Oliver and **Dzaleva, Tatjana** (2013) *Business processes optimization possibilities*.International Journals of Marketing and Technology (IJMT), 3 (8). pp. 89-97. ISSN 2249-1058.
5. Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and Kitanov, Vladimir and Filiposki, Oliver and **Dzaleva, Tatjana** (2013) *Models of TQM Strategy in the World and the Need for Macedonian Model of Excellence*. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 16 (1). pp. 69-79. ISSN 2229 – 6107.
6. Mitreva, Elizabeta and Taskov, Nako and Kitanov, Vladimir and Filiposki, Oliver and **Dzaleva, Tatjana** (2013) *The Need for Information System Design in Building a House of Quality*. International Journal of Pure and Applied Sciences and Technology, 16 (1). pp. 26-33. ISSN 2229 – 6107.
7. Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and **Dzaleva, Tatjana** and Filiposki, Oliver and Temelkov, Zoran (2013) *Промоција на туристичките дестинации во нашата земја преку кампањата Истражи ја Македонија*. In: 1ST International Conference on Cultural Heritage, Media and Tourism, 18-19 Jan 2013, Ohrid, Macedonia.
8. Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and Filiposki, Oliver and Boskov, Tatjana and Temelkov, Zoran (2013) *Geographical dispersion of tourist agencies in Republic of Macedonia*. In: First International Conference Mediterranean Tourism - MT-2013, Nis, Serbia.
9. Metodijeski, Dejan and Taskov, Nako and **Dzaleva, Tatjana** and Filiposki, Oliver and Temelkov, Zoran (2012) Mogućnosti razvoja termalnog turizma u Republici Makedoniji. IV Kongres banja sa međunarodnim učešćem.
10. Taskov, Nako and Angelkova, Tanja and **Dzaleva, Tatjana** (2012) *Плажите во функција на зголемување на туристичкиот промет во ОпштинаДојран*. In: Scientific-Technical Forum theme: "Tourism in Dojran Region", 20 Apr 2012, Dojran, Macedonia.
11. **Dzaleva, Tatjana** and Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and Ilievski, Aleksandar (2011) *Influence of trade facilitation in Republic of Macedonia*. Service sector in terms of changing environment, XI International Conference, Ohrid.
12. Taskov, Nako **Dzaleva, Tatjana** and and Metodijeski, Dejan and Filiposki, Oliver (2011) *Innovation at tourism business:challenges and creativity for development Influence of trade facilitation in Republic of Macedonia*. Service sector in terms of changing environment, XI International Conference, Ohrid.

13. **Dzaleva, Tatjana** and Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan (2011) *Strategic thinking and management elements for strategy execution positively affect on business performance*. VII Majska konferencija o strategijskom menadžmentu sa međunarodnim učešćem.
14. Taskov, Nako and Filiposki, Oliver and **Dzaleva, Tatjana** and Metodijeski, Dejan (2011) *Управление на качеството в застрахователните дружества*. Международна юбилейна научна конференция: „Икономиката и управлението в XXI век – решения за стабилност и растеж".
15. Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and **Dzaleva, Tatjana** and Filiposki, Oliver (2011) *Entrepreneurship in Tourism Industry Lead to Business Benefits*. The Influence of Tourism on Economic Development.
16. Taskov, Nako and **Dzaleva, Tatjana** and Metodijeski, Dejan (2011) *Tourism development strategy and planning for investments*.Contemporary Trends in Tourism and Hospitality, 2011, Serbia. ISSN 978-86-7031-233-3.
17. Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and **Dzaleva, Tatjana** and Filiposki, Oliver (2011) *Turizmi rural, mundësia për zhvillim rural në Republikën e Maqedonisë*. International Scientific Conference, "Fostering Development of Agriculture in Albania through Improved Employment of Agricultural Resources".
18. **Dzaleva, Tatjana** and Lazaroski, Spire (2011) *Globalization, trade and business*. In: Proc. of the Fourth International Scientific Conference on "Economic & Social Challenges 2011, Globalization and Sustainable Development", Tirana, Albania.
19. Jakovlev, Zlatko and Koteski, Cane and Dimitrov, Nikola and Angelkova, Tanja and Bardarova, Snezana and **Dzaleva, Tatjana** (2011)*Management of Animation in Tourism*. In: First international Conference, Management of Toursm and Entertainment - MTE, 02-03- April 2011, Sofia - Bugaria.
20. Taskov, Nako and **Dzaleva, Tatjana** (2011) *Relationship between tourism policy, place image and business investments*. In: Articles The Berlin International Economics Congress, March 2011, Berlin.
21. Taskov, Nako and **Dzaleva, Tatjana** and Metodijeski, Dejan (2011) *Marketing of tourism business and utilization of the Internet*.Univerzitet u Beogradu, Tehnički fakultet u Boru, Zajecar, Srbija. ISBN 978-86-80987-85-9.
22. Taskov, Nako and Metodijeski, Dejan and **Dzaleva, Tatjana** and Filiposki, Oliver (2011) *Thermal-spa tourism in Republic of Macedonia*. In: Challenges and performance of post socialist tourism in Central Eastern European Countries, 2011, Bucharest, Romania.
23. Taskov, Nako and **Dzaleva, Tatjana** and Metodijeski, Dejan and Filiposki, Oliver (2011) *Tourism policy and place image – challenges and performance*. In: Challenges and performance of post socialist tourism in Central Eastern European Countries, Bucharest, Romania.
24. Lazaroski, Spire and **Dzaleva, Tatjana** (2010) *Редизајнирање на меѓународната финансиска архитектура за изградба на стабилен економски систем*. The Economy and business in post-recession, International Conference, Prilep.
25. **Dzaleva, Tatjana** (2010) *Social Networking as Driver of EICs formation*. Proceedings of International Conference for Entrepreneurship, Innovation and Regional Development ICEIRD2010.
26. Lazaroski, Spire and **Dzaleva, Tatjana** (2010) *Managing the outsourcing activities in Balkan economies*. In: International May Conference on Strategic Management (MKSM), Bor, Srbija.
27. **Dzaleva, Tatjana** and Lazaroski, Spire (2010) *Mind mapping for business planning and marketing plans*. In: International May Conference on Strategic Management (MKSM), May 2010, Bor, Srbija.


***Докторски труд***


28. **Бошков Татјана,** (2014) „Влијанието на девизниот курс врз надворешно-трговската размена во мала и отворена економија – Република Македонија", *Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола, Економски факултет – Прилеп*.

*Магистерски труд*

**29. Џалева Татјана** (2010) „Олеснување на трговијата и ефектите врз развојот на бизнисот во Р. Македонија", *Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, Економски факултет – Прилеп.*

*Скрипти и практикуми:*

**30. Бошков, Татјана** и Шајноски, Крсте (2014): Политика на девизен курс (е-скрипта), Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Р.Македонија.
ISBN 978-608-244-052-1
https://elib.ugd.edu.mk/detal.php?id=337&ugd=048003b3944db625ad1e9fb5cf7743bd

31. Ташков, Нако и **Бошков Татјана** (2014): Практикум по девизно работење (е-практикум), Универзитет "Гоце Делчев" ,Штип, Р.Македонија. ISBN 978-608-244-117-7.

***Кратка евалуација на трудовите***

Евалуација на труд бр. 1: **„How to accelerate export-led growth in contemporary world?"**

Глобализацијата може да претставува закана за малите и средните претпријатија заради обемот на нивниот извоз, но воедно може да се согледа и како можност за остварување на придобивките од слободната трговија. Така овој труд дава препораки за малите и средните претпријатија кои треба да се фокусираат на градење односи со финансиски институции, особено кај банките, за да се олесни финансирањето на малите и средните претпријатија. Во овој контекст, корисно е да се идентификуваат малите и средните претпријатија кои работат со странска валута и бараат можности да обезбедат вредност со помош на совети во областите како што се управување со девизните ризици и прогнозирање валутна потреба.

Во овој контекст, клучните фактори за остварување на овие цели се иновациите и знаењата кои ќе помогнат во зголемувањето на конкурентноста, како улогата на СДИ за продуктивноста и раст на ефикасноста, со поддршка на реалниот девизен курс преку стимулирање на раст на извозот. Домашната индустрија со користење на знаењето, иновации за развој и унапредување на капацитетот на малите и средните претпријатија можат да ги преземат потребните промени за своето производство и да го зголемат својот извоз. Сето ова може да придонесе за одржливост на економскиот развој и економска интеграција, особено на малите економии на кои, главно, овој труд е фокусиран, со посебен акцент на македонската економија.

Евалуација на труд бр. 2**: „SME development and FDI:opportunity or necessity"**

Малите и средните претпријатија играат важна улога во економскиот раст и развој. На овој начин, глобализацијата и либерализацијата на трговијата воведоа нови можности, како и предизвици за малите и средните претпријатија. Само мал дел од секторот на мали и средни претпријатија е во можност да ги идентификува и да ги искористи овие можности и да се справи со предизвиците. Поголемиот дел од малите и средните претпријатија во развиените земји и земјите во транзиција се помалку способни или не можат да ги искористат предностите на глобализацијата и често се под притисок на домашниот пазар поради поевтиниот увоз и странската конкуренција.

Многу земји во транзиција, како и во развој, особено се соочуваат со потребата да се промовира и зајакне секторот на мали и средни претпријатија на долг рок развој, што бара пристап до пазарните можности, како и новата технологија и управување со „know-how", често во ситуација на значителен недостаток на ресурси.

Овој труд се фокусира на придонесот за развој на стратегии кои можат да помогнат во зајакнување на секторот на МСП. Од една страна, тоа може да се направи преку промовирање на интеграција и потенцијалните придобивки од надворешните пазари. Имплементацијата на стратегии треба да придонесе за зголемување на атрактивноста на земјите во развој за странските инвеститори со што ќе се подобри капацитетот на секторот на МСП. Овие политики ќе ги зајакнат придобивките од странските директни инвестиции на локалните економии преку олеснувањето на трговијата на малите и средните претпријатија, како и

надградба на капацитетите на локалните мали и средни претпријатија за да се искористат можностите од надворешните пазари.

Евалуација на труд бр. 3**: „Macroeconomic challenges and experience on the road to EU“**

Во текот на изминатата деценија десетте нови земји-членки на ЕУ постигнаа висок степен на интеграцијата на пазарот и на макроекономската стабилност, како дел од нивниот процес на пристапување кон ЕУ. Овој труд ги анализира токму главните предизвици за овие земји односно како да се справат со големиот потенцијал и испарливоста на капиталните приливи. Фокусот истовремено е насочен и кон постигнување номиналната конвергенција неопходна за усвојување на еврото. Во годините кои следат макрофискалните политики ќе бидат во фокусот при исполнувањето на овие предизвици. Тие исто треба да се фокусираат на исполнувањето на условите за одржливост на ЕМУ и да се помогне во апсорпција на ефектите на агрегатната побарувачка на големите приливи на капитал. Што се однесува до макроекономската конвергенција и случајот на Македонија, членството во ЕУ бара приближување на македонското стопанство со она на ЕУ во реални услови, наведувајќи приход по глава на жител и економска структура, како и номинални услови, што значи приближување кон цените, инфлацијата и каматните стапки.

Евалуација на труд бр. 4**:** „**Business processes optimization possibilities“**

Во овој труд се предложува модел и можности за подобри перформанси, поголема ефикасност и ефективност на компаниите, преку оптимизација на деловните процеси, промена на корпоративна култура и начин за целосно искористување на бизнис потенцијал. Придобивките од спроведувањето на овој модел не се само зголемување на деловните резултати на компаниите и туку станува збор за можности што ќе служи како движечка сила за континуирано подобрување, како и зголемување на посветеноста на врвниот менаџмент и вработените за да се подобрат процесите, задоволството на клиентите, вработените, акционерите, услугите и заедницата.

Евалуација на труд бр. 5:„ **Models of TQM Strategy in the World and the Need for Macedonian Model of Excellence“**

Во овој труд се приложени дијагнози и анализи на американскиот, европскиот и јапонскиот модел на управување со квалитетот, како и постојниот модел во македонските компании. Градењето политика и стратегија во македонските компании во споредба со најдобрите практики користејќи бенчмаркинг стана масовен феномен и тренд во нашата земја, што доведе до имитација, директно копирање на еден конкурент, како и еден вид на манипулација со клиенти / корисници. Ова е резултат на неинвентивен влез на македонските менаџери, потиснување на сопствената креативност, кршење на сопствените стандарди за работа итн. За да се подобри состојбата на македонскиот компании, во овој труд се предлага моделот EFQM (Европски модел) и негово приспособување на наши услови. Со спроведувањето на овој модел ќе се овозможи континуирана проценка на сопствените способности, конкурентски позиции и постојана имплементација на подобрувањата.

Евалуација на труд бр. 6: **„The Need for Information System Design in Building a House of Quality“**

Во овој труд, анализата се однесува на македонските компании дадени во однос на степенот до кој тие ги користат соодветните информации при вршењето на деловните процеси и мерки кои топ менаџментот треба да ги преземе со цел да се подобри комуникацијата на системите. Во обидот да се одговори на овие прашања неопходно е изградба на информатички систем како дел од системот за квалитет и како потреба во процесот на дизајнирањето и спроведувањето на TQM системот. TQM стратегијата во овој контекст означува интеграција на информатичката технологија со внатрешните стандардизација, методи и техники за беспрекорно производство, оптимизирани трошоци, како и едукација и мотивација на вработените во кои тимскиот дух е присутен.

Евалуација на труд бр. 7: „**Промоција на туристичките дестинации во нашата земја преку кампањата Истражи ја Македонија**“

Фокусот на овој труд е кампањата која е спроведена од страна на Владата на Република Македонија – Истражи ја Македонија. Претставени се основните карактеристики и целите на кампањата, како и изготвениот материјал кој е подготвен за промоција на туристичките дестинации и развој на туристичкиот потенцијал на регионите во Република Македонија. Трудот произнесува заклучоци во форма на коментари, предлози и препораки за перспективите на промотивната кампања. Притоа овие предлози и коментари се во насока на подобрување на промовирањето кое значително придонесува за развој на туризмот и актуализирање на туристичките понуди за домашните туристи.

Евалуација на труд бр. 8: „**Geographical dispersion of tourist agencies in Republic of Macedonia**“

Предмет на истражување на трудот се туристичките агенции кои ги извршуваат своите активности во Република Македонија. Дефинирани се главните цели на туристичките активности, како и нивниот историски развој. Се дава осврт на значајната улога којашто ја имаат туристичките агенции за развој и промоција на туризмот. Внимание се посветува и на географската распространетост на туристичките агенции, и стратегиите за модернизирање на нивните активности, како и важноста, односно улогата, што ја има државата во развојот на туризмот и туристичките агенции, преку своите програми за развој на организираниот туризам.

Евалуација на труд бр. 9: **„Mogućnosti razvoja termalnog turizma u Republici Makedoniji“**

Во фокусот на овој труд е термалниот туризам во Република Македонија. Притоа, истиот се анализира и го дефинира концептот на термален туризам. Понатаму, се врши класификација на термалните бањи според регионите каде што се лоцирани и карактеристиките на водата. Исто така, приложени се и претпријатијта кои се занимаваат со термалниот туризам, заедно со статистичките податоци и дефинирањето на профилот на туристите за термалниот туризам. Трудот се произнесува со препораки за понатамошен развој на термалниот туризам во Република Македонија.

Евалуација на труд бр. 10: „**Плажите во функција на зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран**“

Во трудот се произнесува ставот од спроведените истражувања дека со враќањето на плажите и осовременување и уредување на истите и нови, Дојран повторно ќе го освојува својот туристички дух и препознатлив шарм на Дојранското Езеро и ќе ја продолжи и унапреди својата урбана традиција. По пример на многу европски метрополи Дојран може во потполност да има атрактивна туристичка понуда со своите плажи. Следствено, туристичката понуда на Дојран може да биде високо валоризирана.

Евалуација на труд бр. 11**: „Influence of trade facilitation in Republic of Macedonia“**

Овој труд се задржува на унапредувањето на Царинската управа на Република Македонија што означува спроведување на ново законодавство во склад со законодавството на ЕУ. Тоа подразбира пак усвојување на симплифицирани и стандардизирани царински и инспекциски процедури. Исто така, неопходен е развој на менаџмент за човечки ресурси за развој на царинско/гранична инспекциска експертиза и заради зголемување на интегритетот на системот; креирање на партнерства помеѓу граничните инспекциски агенции и трговско-индустриската заедница кон подобри и координирани операции, процедури и размена на информации, усвојување и примена на ревизии и сметководствена обработка за олеснување на трговијата и размената на трговските податоци.

Евалуација на труд бр. 12**: „Innovation at tourism business: challenges and creativity for development“**

Трудот дава осврт на туристичките фирми кои работат во бизнис средина каде што

иновациите се битна детерминанта за опстанок на фирмата. И покрај оваа констатација, постои очигледен недостаток на знаење во врска со иновативните процеси во туристичките фирми. Овој труд дава свој придонес за тоа како да се развива туризмот, како да почне да се гради размислувањето за туризмот.

Воедно начинот на размислување може да помогне во планирањето и менаџментот на туризмот во регионалните дестинации - употребата на различен сет на критериуми за оценување на предлози за развој на туризмот, како и развој на системи за следење на одржливоста.

Евалуација на труд бр. 13**: „Strategic thinking and management elements for strategu execution positively affect on business performance“**

Бизнис лидерите се под притисок од засегнатите страни во согласност со нивните барања, додека одржувањето на конкурентноста на организацијата станува сѐ повеќе комплексна. Стратешкото размислување е важен водич за испитување на сите пазари, а кои се однесуваат на основните бизнис интереси. Исто така, овој труд дава анализа на релевантните сили и создавање на бизнис стратегија и идентификување на нови пазари согласно со барањата. За тоа се користат елементи за управување, управување со модели како водичи за менаџерски активности во светот на бизнисот, со цел зголемување на конкурентската предност на една фирма. Бизнис алатки за управување позитивно влијаат на бизнис перформансите и стратешката менаџмент ориентација за формулирање и имплементирање на целите, политиките и перформансите.

Евалуација на труд бр. 14**:** „**Управление на качеството в застрахователните дружества“**

Овој труд го обработува осигурувањето што претставува специфична активност. Осигурителни компании се соочуваат со современите трендови, каде што постојат голем број ризици со кои треба да се справат. Поради тоа, тие треба долгорочно да се стабилни, навремени, точни и веродостојни во извршувањето на своите задачи, ефикасни и ефикасни со позитивни резултати за сопствениците од една страна и задоволни клиенти од друга. Сето ова е возможно преку однапред точно одредени барања за квалитетот на услугите, како и имплементација на систем кој обезбедува успешна работа на компаниите, развој на услуги насочени кон потребите на клиентите и континуиран надзор над нивната реализација. Таквиот систем е познат како управување со квалитетот и е стандардизиран пристап, кој претставува неопходност за современите осигурителни компании.

Евалуација на труд бр. 15**:** „**Enterpreneurship in tourism industry lead to business benefits“**

Разбирањето на туризмот и туристичките процеси е прва фаза за зајакнување на локалната заедница да донесуваат информирани и соодветни одлуки за развој на нивниот туризам. Неопходни се значителни инвестиции во комуникацијата и изградба на доверба меѓу учесниците во туризмот. Во овој контекст трудот направи обид како да се направи поуспешен развој на туризам, при што е потребно да се разбере важноста на претприемништвото и управувањето со човечки ресурси.

Туристичките бизниси се идентификувани од суштинско значење за создавање работни места и, генерално, за раст на економијата. Исто така, тука е и обидот за идентификација на конструкции кои влијаат во градењето висок квалитет на претприемништвото во туристичката индустрија.

Евалуација на труд бр. 16**: „Tourism development strategy and planning for investments“**

Дестинациите се соочуваат со зголемен притисок да се подигне нивниот „идентитет”, со цел да се позиционираат и да бидат конкурентни во глобален контекст. Во фокусот на овој труд е туристичка стратегија за развој на туристичка дестинација, имајќи ги предвид на концептот Poon и WEC пристапот што покажа дека новиот туризам ги менува правилата на игра и повикува на нови стратегии за да се обезбеди конкурентни успех.

Колку се побрзи промените, за толку уште поважно станува формулирање на стратегии и нивна имплементација. Целта е, исто така, поттикнување на бизнис инвестиции и бизнис активности каде што се бара спроведување на овие стратегии за развој на туристичките дестинации.

Евалуација на труд бр. 17**: „Turizmi rural, mundësia për zhvillim rural në Republikën e Maqedonisë“**

Фокусот во овој труд се регионите во Македонија, каде што се развива селскиот туризам. Овде се дава дефиниција на руралниот туризам како и претприемачите кои се занимаваат со руралниот туризам разделени по региони, како тие дејствуваат и каков ќе биде нивниот придонес кон руралниот развој. На крајот од овој труд се даваат и препораки за идниот развој на руралниот туризам во Р.Македонија.

Евалуација на труд бр. 18**:** „**Globalization, trade and business“**

Трудот именуван како „Глобализацијата, трговијата и бизнисот” ја обработува врската меѓу глобализацијата, трговија и бизнисот која може да придонесе за решавање на многу битни прашања, со оглед на тоа дека еден од клучните принципи за олеснување на трговијата е транспарентноста. Изготвувањето на потранспарентни трговските прописи и сродни процеси вклучува нивно поедноставување и појаснување, на тој начин правејќи ги достапни за најголем можен број на фирми и поединци, со што се зголемува нивната можност да тргуваат и да ги искористат предностите и можностите на глобалниот пазар. Значи овој однос да ва можност да се разгледуваат промените и околностите на трговијата во земјите, кои доведуваат до нееднаквост во можноста да тргуваат. Тенденцијата е да се разбие циклусот на сиромаштија и секоја земја дури и сиромашните земји да почнат да создаваат своја динамика преку просперитетот.

Евалуација на труд бр. 19**:** „**Management of Animation in Tourism“**

Овој труд го анализира управувањето и организацијата кои се комплексни процеси, а кај анимацијата во туризмот стануваат уште посложени. Покрај тоа, луѓето кои ги имаат бараните психолошки и физички карактеристики и вештини за добар аниматор, поради недостатокот на потребните знаења, вештини, способности и искуства не успева да ги организира активностите на менаџерот. Но, постојат и спротивни случаи кога еден млад човек со сертификат во областа на управување не е успешен поради непоседување соодветни психолошки и физички способности.

Евалуација на труд бр. 20**: „Relationship between tourism policy, place image and business investments“**

Овој труд произнесува дека развивање на план со цел промоција на градот како атрактивно место е основна политика на планирање на сите оние кои сакаат да придобијат од развојот на некоја локација. Ова подразбира урбана регенерација што зависи од креирањето атрактивно и безбедно опкружување во градот, преку големи проекти. Од ова секако бенефицираат и жителите, како и бизнисите во таа средина. Неодминлив е фактот дека ова би било атракција за сместување и доаѓање на нови бизниси. Заради ова во трудот се нагласува круцијалната врска помеѓу туризмот и интерурбаната конкуренција, односно градењето туристичка стратегија која ќе го потенцира „идентитетот на местото”, со цел позиционирање и на глобален план. Подобрувањето на физичкото опкружување ќе го промовира градот во атрактивно и пријатно место за посета, место за инвестирање и живеење.

Евалуација на труд бр. 21**:** „**Marketing of tourism business and utilisation of the Internet“**

Потенцијалните придобивки од користењето на интернетот како алатка за маркетинг во туризмот се веќе перципирани.

Овој труд произнесува анализа за значењето на клиент-ориентационата димензија во поглед на олеснителното собирање на информации, како и важноста на организациско

учење, што е битна детерминанта во текот на планирањето и спроведувањето на маркетинг преку интернет. Многу резултати укажуваат на тоа дека мрежата на ефективни сојузи, постоењето на производ шампион во бизнисот, и сопственик менаџерите придонесуваат за спроведувањето на интернет маркетинг, односно за успешно користење на интернетот за маркетинг на туристичките услуги. Пристапот за сопственик менаџерот е пристап што исто така ја зголеми важноста на пазарната ориентација како важен атрибут за бизнис успех.

Евалуација на труд бр. 22**: „Thermal-spa tourism in Republic of Macedonia“**

Предмет на овој труд е термалниот туризам во Република Македонија. Во овој труд се дава дефиниција на термалниот туризам, како и термалните бањи кои се класифицирани во регионите во кои се сместени, квалитетот на водата во бањите, природни и антропогени извори, медицински состојби кои тие ги третираат и сл. Исто така, ќе се дава приказ на претпријатијата кои се занимаваат со термален туризам. Овој труд обезбеди статистика и го дефинира профилот на термалниот турист, притоа давајќи препораки за понатамошен развој на термалниот туризам во Република Македонија.

Евалуација на труд бр. 23**: „Tourism policy and place image – challenges and performance“**

Овој труд ја нагласува важноста на адекватна туристичка стратегија, како и имиџот на локацијата. Развивањето на стари градови и промовирање на нивните знаменитости може да придонесе за поголем развој на туризмот, поголема посета на туристи, поголем економски раст. Предизвиците сè повеќе се зголемуваат како што конкурентноста на туристичкиот сектор се зголемува на глобално ниво. Овој труд воедно произнесува стратегии и препораки како да се искористат предизвиците во контекст на поуспешно позиционирање на пазарот.

Евалуација на труд бр. 24**: „Редизајнирање на меѓународната финансиска архитектура за изградба на стабилен економски систем“**

Соочени со негативните консеквенци од светската рецесија се наметна потребата од модификација, како на меѓународниот монетарен и регулаторен инструментариум, така и на внатрешниот државен регулативен инструментариум. Во трудот се презентирани најзначајните предлози и активности што се преземаат од страна на ММФ и од страна на земјите за модификација на финансиската архитектура која треба да соодветствува на интенциите и мотивите на инвеститорите од една страна и правилата и прописите наметнати од страна на државите и меѓународниот монетарен систем од друга страна. Во која мера земјите ќе ја приспособат сопствената финансиска архитектура на меѓународните монетарни и државни стандарди зависи од активното спроведување на позитивните принципи на коишто почива прудентната макроекономска ситуација. Во тој контекст е неопходна прекугранична соработка со релевантни институции од државите и на интернационално ниво со цел да се надмине информацискиот јаз кој може да биде креиран од страна на финасиските пазари.

Евалуација на труд бр. 25**: „Social networking as driver of EICs formation“**

Овој труд произнесува мислење дека користење на транспорти алатки во организациите се користат за да се објаснат главните концепти и бизнис бенефиции, како и нивната примена во деловни проблеми. Малите и средните претпријатија, менаџери или организации треба да го користат како важна компонента за да се решаваат проблемите на корпоративната комуникациска култура (квалитетот на комуникација, фреквенција на комуникација итн). Секој вид на организација може да има корист од користење транспорти алатки и на тој начин да се користат бенефициите за социјално вмрежување како двигател на претприемничко-иновативните кластери.

Евалуација на труд бр. 26**: „Managing the outsourcing activities in Balkan economies“**

Овој труд ги истражува аутсорсинг деловните активности во Македонија, Србија, Албанија, Бугарија и Грција, споредување на нивните способности за увоз и управувањето со нови бизнис практики.

Практиката на аутсорсингот треба да се сфати како нова форма на конкуренцијата олеснета од страна на технолошки иновации, информатичка технологија, интернетот и новите практики за управување. Емпириски, овој труд ги истражува глобалните економски придобивки и трошоци на аутсорсинг, за секоја од овие економии одделно, на тој начин обезбедувајќи можности да се споредат балканските економии од аспект на апсорпционот капацитет. Главниот ефект е да се подобри економската благосостојба преку воведување и реализирање нови деловни практики и нови техники на управување на Балканот.

Евалуација на труд бр. 27**: „Mind mapping for business planning and marketing plans“**

Овој труд го потенцира значењето на маркетинг плановите преку користење на софтвер за умствено мапирање. Користењето на овој софтвер ја подобрува продуктивноста со најмалку 20%, без разлика дали станува збор за мал, среден или голем бизнис.

Придобивките кои се добиваат во бизнис планирање се: софтверот за умствено мапирање на почеток овозможува идентификација на важни проблеми, што може да доведе до изнаоѓање решенија пред да настанат или да доведе до сознание дека планот треба значително да се ревидира или дури и да се укине; креирање јасна слика за тоа кои се целите, приоритетите и стратегиите пред спроведувањето, што доведува до подобри резултати. Ваквото бизнис планирање што применува маркетинг план поткрепен со софтверот за умствено мапирање е обично на ниво на продажба, профит, враќање на инвестицијата или за поголеми бизниси, на пазарот на акција.

Добрата контрола им помага на маркетинг менаџерите да ги лоцираат и да ги поправат слабите точки, а во исто време да ги пронајдат предностите кои може да се искористат во маркетинг програмата.

Евалуација на труд бр. 28: **„Влијанието на девизниот курс врз надворешно-трговската размена во мала и отворена економија – Република Македонија”**

Изборот и управувањето со режимот на девизен курс е важен аспект на економското менаџирање со цел зачувување конкурентност, макроекономска стабилност и развој. Во продолжение, влијанието на девизниот курс врз трговијата на една земја, како и во Македонија, пример за мала и отворена економија, треба да се согледа во контекст на продолжена интеграција на синџирите на снабдување. Извозот генерално вклучува висока увозна содржина и влијанието на девизно-курсната депрецијација или апрецијација врз кој било готов производ поради тоа е комплексна. Ако депрецијацијата на девизниот курс го прави неговиот извоз на готови производи „поевтин“, тоа ги прави увозните компоненти „поскапи“ за домашните производители.

Одржувањето на раст и намалувањето на невработеноста во мала и отворена економија како Македонија зависи токму од подобрувањето на перформансите на извозот. Подобрувањето на перформансите на извозот може исто така да помогнат да се зачува макроекономската стабилност преку затворање на јазот кај тековната сметка за да се избегне губењето на резерви и да го запре растот на надворешниот долг. Подобрувањето на перформансите на извозот бара подобрување на конкурентноста. На краток рок, конкурентноста може да биде поврзана со ниво на реалниот девизен курс, што обезбедува внатрешна и надворешна рамнотежа. Преценетоста на реалниот девизен курс во поглед на неговото рамнотежно ниво ги намалува поттикнувањата и можноста на производителите да се натпреваруваат на странските пазари, бидејќи значаен дел на производствените трошоци е платен во домашна валута. На долг рок, реалниот девизен курс се претпоставува да конвергира кон неговото рамнотежно ниво и конкурентноста е повеќе поврзана со продуктивноста на економијата.

Македонија се соочува со значајни транзициски предизвици и само преку ефективно решавање на овие предизвици земјата ќе биде способна успешно да се натпреварува на пазарот на ЕУ. За да се формулира поефективна политика, неопходно е истражување на растот на факторот на вкупната продуктивност во Македонија, како и кај причините за ниско бизнис инвестирање.

Со обѕир на големиот јаз кај цените и доходите *per capita* меѓу Македонија и ЕУ, ценовното прифаќање ќе биде важен извор на инфлаторен притисок, а така соочувајќи се со постојни ценовни дисторзии во енергијата, општински услуги и сл., пред пристапот може да го премести ова подоцнежен фактор како инфлаторен двигател околу времето за пристап, кога ефектот на реална конвергенција врз инфлацијата е комбиниран со негативни краткорочни ефекти на ЕУ пристап врз фискалниот биланс, опаѓачки каматни стапки и сл. Ова ќе бара внимателно управување на девизниот курс. Односно, ако македонскиот реален раст се забрзува, Македонија ќе биде поатрактивен кандидат за членство во ЕУ, но таа ќе се соочи со поинтензивни притисоци кон режимот на девизен курс и макроекономски политики.

Трудот, капиталот и пазарот на производи, сите овие се трансмитери на монетарна и фискална политика, така што креација на функционирање и флексибилните пазари е важна, не само во смисла на исполнување на компетитивна побарувачка на единствен пазар туку во смисла на создавање поефективна владина макроекономска политика. Од аспект на Република Македонија, важно е да се има предвид дека економските политики и реформи треба да се конзистентни со реформите и политиките за конвергенција и интеграција кон ЕУ, како наша долгорочна стратегија.

Со поткрепа и на естимациите кои покажаа дека еластичноста е поголема од 1, може да се размислува дека мала и отворена економија како Македонија со помош на реалниот девизен курс како инструмент се увидуваат перформансите за можност за раст на извозот, зголемување на агрегатната побарувачка, односно зголемување на економскиот раст. Во идниот период може да се размислува за девизниот курс не само како на инструмент за одржување на ценовната стабилност туку може да се користи токму како инструмент кој ќе придонесе за економска стабилност на Македонија и зајакнување на стабилноста на финансискиот систем.

Евалуација на труд бр. 29: **„Олеснување на трговијата и ефектите врз развојот на бизнисот во – Р. Македонија"**

Трговијата е многу значајна за македонската економија. Република Македонија веќе се смета за една од најзначајните земји со отворена трговија во регионот. Трговијата брзо ги менува своите стари облици во контекст и условите на партнерите и прогресивно во составот на производите. Трговијата стана, главно, ориентирана кон ЕУ, со главните трговски партнери кои учествувале, т.е. оние кои се дел од регионот.

Редукцијата на трошоците за трговијата и зголемената сигурност на времето за испорака се очекува да води, на среден рок, кон значајно зголемување на обемот на трговијата, кои би ги искористиле постоечкиот вишок на производен капацитет. Така придобивките се однесуваат на:

- поевтини увозни добра/инпути за македонските потрошувачи и индустрии:
- подобро и посигурно бизнис опкружување за приватните секторски активности, посебно за трговските активности на малите и средните претпријатија;
- повеќе предвидливи и сигурен економски амбиент за странските компании;
- подобрено олеснување за транзитниот сообраќај;
- заштита од корупција и можности за криминал;
- подобрување околу собирањето на приходите од страна на Царинската управа на Република Македонија, зголемена редукција на тарифите;
- непрекинати услуги на ICIS и подобра интегрираност на податоците;
- подобрено усогласување со ЕУ стандардите и процедурите.

Примена на симплифицирани и усогласени процедури, приспособени на ЕУ и светските норми, од кои се очекува да ги привлечат странските интереси и капитал е исто насока која бара константно унапредување. Развивање ефикасна и ефективна наметната функција способна за откривање, заштита и истражување на измами, подготвувајќи случаи за судско гонење на напаѓачите; функцијата треба да биде доволно флексибилна за да одговори на интелигентно водената стратегија базирана на најновите методи на целните пресметани ризици заради заштита на приходите и заштита на општеството е од круцијално значење.

За да се реализираат и добро да се креираат и имплементираат неопходните реформи, тоа подразбира акција која се однесува на собирање на статистички податоци кои ќе претставуваат неопходна основа за носење важни економски одлуки на национално ниво (макроекономска политика за подобрувањето на националната економија). Следењето на статистичките податоци од меѓународните извори ќе помогнат во пронаоѓањето на нови пазари за домашните добра, следејќи ги светските текови на легитимитет, но исто така и нелигитимната трговија.

Евалуација на труд бр. 30: **„Политика на девизен курс“**

Девизното работење е значајна активност во секоја национална економија, особено за помалите земји, како што е Македонија. Проблематиката на девизното работење е определена од изборот на политиката на девизен курс која, пак, зависи од нивото на развиеноста на националната економија и од степенот на отвореноста спрема странските влијанија.

Од ова произлегува дека девизното работење не може да се сведе само на техника на извршување на плаќањата и трансферите по тековни и капитални трансакции. Техниката е определена со прописи и треба постојано да се следат промените со оглед на определбата за остварување на што поголема либерализација на надворешната трговија и плаќањата со странство и за намалување на обемот на заштитните мерки.

Во овој контекст авторите обработуваат неколку теми преку кои студентите ќе се стекнат со потемелни знаења од сферата на девизните курсеви и ќе се оспособат за поефикасно извршување на конкретните задачи од секторите за економски односи со странство. Ваквата цел, со право, очекуваат да ја постигнат, прво, преку разгледувањето на проблематиката на паритет на куповната моќ на парите и на паритетот на каматните стапки. Корисни сознанија студентите ќе стекнат и преку разгледувањето на Mundell-Fleming модел за врската меѓу номиналниот девизен курс и аутпутот, вклучувајќи ја и аргументацијата дека економијата не може истовремено да одржува фиксен девизен курс, слободно движење на капиталот и независна монетарна политика.

За успешно водење на девизните работи од посебно значење е и портфолио биланс пристапот на девизниот курс поради ефектите на разните средства (вклучувајќи и странски обврзници) при пазарни промени. Штом меѓународните инвеститори увидат дека определена валута станува поризична, тие најверојатно ќе ги реалоцираат нивните портфолио обврзници во корист на помалку ризични средства. Особено место во трудот им се посветува на детерминантите на режимот на девизен курс, како клучна институција во извршувањето на девизните работи. Притоа, потенцијалните извршители во секторите за девизно работење ќе стекнат свест за значењето за големината и интегрираноста на националната економија, за нивото на девизните резерви, за диверзификацијата и конкурентноста на домашното производство, за евроизацијата/доларизацијата на економијата и стабилноста на финансискиот систем.

Со обработката на спомenатите теми, скриптата прави значаен чекор за потемелно запознавање на студентите со проблематиката на девизните курсеви (објаснувајќи ги причинско-последичните врски од нивните промени) и за надминување на рутинското гледање на девизното работење, само како техника на работење во секторите за односи со странство.

Евалуација на труд бр. 31: **Практикум по Девизно работење**

Практикумот по Девизно работење обработува прашања и задачи со кои ќе можат студентите да ја анализираат состојбата на својата земја во однос на странство од аспект на девизното работење.

Значајноста на овој трудот се согледува во темелноста и сеопфатноста на проблематиката на девизните курсеви на националните валути преку решавање на примери и задачи. Тие овозможуваат да се сфати значењето на политиката на девизен курс во остварувањето на макроекономската политика на националните економии и да се определи однесувањето на стопанските субјекти воопшто, особено во сферата на девизното работење, со оглед на влијанието на курсот на нивниот развој.

Практичната елаборација ќе им помогне на студентите не само да ја разберат суштината на девизното работење, туку и да можат да ги предвидуваат и решаваат евентуалните промени во политиката на девизен курс во текот на работењето.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката д-р Татјана Бошков има голема стручно-апликативна и организациско-развојна дејност преку учество во бројни научни проекти во земјава и во странство.

Д-р Татјана Бошков има одлично искуство со обуки, работење во групи и во тимови на меѓународно ниво. Солидното искуство и способност за перформанси, креирање, планирање и развој на прокти и подготвителни студии согласно Project Cycle Management scheme за Capacity building & Training го стекнува преку ангажманот од страна на Cooperazione Internazionale Sud Sud.

Компетенции за помош и поддршка на разни локални и регионални административни проекти во социо-економските развојни политики и стратегии на регионално и локално ниво со цел да се подобри локалниот развој фокусирајќи се на туризмот и заштита на културното богатство, како и континуиран развој ги покажува низ подолу наведените ангажмани.

Од 1.1.2012 г. - тековно е ангажирана како евалуатор на буџетот и предавач на проектот Europe Aid 131266 C/ACTIMULTIProject"Restore our past to build the future" од страна на Cooperazione Italiana Sud Sud, HBO.

Како предавач во овој проект настапува со следниве теми:

1. *"The influence of cultural heritage on Economic Development"* (23-24.6.2014 год.)
2. *"Development of tourism strategy and opportunities for investments"* (9-10.4.2012 год.)
3. *"Recognizing tourism capacity – contribution for economy"* (15-16.5.2012 год.)

Понатаму, од 1.10.2008 до 31.12.2010 г., кандидатката д-р Татјана Бошков е ангажирана како економски евалуатор на проектот "Citizens of Macedonia" од страна Cooperazione Internazionale Sud Sud. Во текот на овој проект настапува и како предавач на работилница со тема: *"Social network as driver and effects for economy"* (17-20.12.2010) и *„Социјалните мрежи како двигател и нивното значење"* (1.10.2008-31.12.2010 г. односно во текот на проектот застапена низ работилниците во градовите коишто беа опфатени во проектот).

32. Со Одлука од ННС при Факултетот за туризам и бизнис логистика, кандидатката е ангажирана како ***администратор за администрирање на веб апликација за менаџирање на електронски ваучери-*** ваучери за купување на компјутери за потребите на редовните студенти од високо образовните институции во Република Македонија во проект на Владата и Министерството за информатичко општество и администрација на Р.Македонија, 2012 година.

33. Исто така, Факултетот за туризам и бизнис логистика со Одлуки на ННС ја ангажира кандидатката во ***уписните комисии*** за учебната 2011/2012, 2012/2013 и 2014/2015 година.

Д-р Татјана Бошков бележи учество *во TEMPUS проект* (Економски факултет – Прилеп, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола) во соработка со Wirtschaftsuniversität Wien – Vienna University of Economics and Business и студиски претстој од 30 јуни до 16 јули 2009 година.

Кандидатката учествува во едукативната програма за професионална обука „Менаџирање и заштита на природната средина" *(проект „Меѓународна соработка помеѓу Грција и Македонија" во рамките на мерката 2.3 од К.Р. INTERREG III/A програма за соработка меѓу соседите, Солун, Грција (15 септ. – 8 окт. 2008).*

Од 10 до 28 јули 2006 година, кандидатката Бошков учествува на *INTERNATIONAL SUMMER UNIVERSITY MACEDONIA* организирано од АТА, при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово. Истата година како студент реализира студентска мобилност на *Економски факултет – Загреб, Хрватска* во ноември 2006 година, а годината претходно (2005) е на *студентска мобилност на Економскиот факултет во Белград, Србија*.

Во 2003 година кандидатката учествува во проектот "Perikle" – "Προσχέδιο Περικλής – Η διδασκαλήα της σύγγχρονης Ελληνικής γλώσσες είναι διδασκαλήα της γλώσσα τον γειτονικού λαού μας", проект на UNESCO, Министерство за образование и наука **на Р.** Македонија.

Кандидатката зема учество на пленарните предавања на Cooperazione Internazionale Sud Sud, или:

Прва панел сесија *„Macedonian cultural heritage and utilization on economic development”,*

Национален институт Музеј на Општина Битола, Битола, Р.Македонија, 25.2.2014 година.

Втора панел сесија *„Economic valorization of cultural heritage”.*

НВО CRUIZ, Тетово, Р.Македонија, 26.2.2014 година.

Трета панел сесија *„Creation of management plan for cultural heritage”*

Национален институт Музеј на Општина Битола, Битола, Р.Македонија, 3.6.2014 год .

***Кандидатката Бошков бележи учество на повеќе меѓународни и домашни конференции, меѓу кои:***

34.Учество на меѓународна конференција: SMEs DEVELOPMENT AND INNOVATION:BUILDING COMPETITIVE FUTURE OF SOUTH-EASTERN EUROPE”. Охрид, Македонија (03-04.10.2014) како модератор и презентер на два труда:

1. Boshkov Tatjana and Bishev Gligor (2014), <u>How to accelerate export led growth in contemporary world?</u> In:International conference:SMEs developmentand innovation:building competitive future of South-Eastern Europe”.Ohrid, Macedonia (03-04.10.2014).
2. Boshkov Tatjana and Kokaroski Dimko (2014)<u>*SME development and FDI:opportunity or necessity*.</u>In:International conference<u>:</u>SMEs development and innovation:building competitive future of South-Eastern Europe”.Ohrid, Macedonia (03-04.10.2014).
3. Учество на меѓународната конференција: International Conference of Cultural Heritage, Media and Tourism, организиран од Институтот за социокултурна антропологија на Р.Македонија, Скопје во партнерство со University for Audio-Visual Arts, ESRA-Skopje, Paris, New York and Euro-Asian Academy for Television and Radio, Moskow, Russia. Охрид, Р.Македонија,18-19.1.2013.
4. Учество на меѓународната конференција:Mediterian Tourism MT-2013, Ниш, Србија, 14-15.6.2013 г.
5. Учество на меѓународната конференција: 1st International Conference of cultural Heritage, Media and Tourism, organized by Institute for Socio-Cultural Anthropology of Macedonia, Skopje, on partnership with the University for Audio-Visual Arts, ESRA-Skopje, Paris, New York and Euro-Asian Academy for Television and Radio, Moskow, Russia, 18-19 January 2013.
6. Учество на Научно-стручна трибина на тема: „Туризмот во Дојранскиот регион”, Дојран, Македонија, 20.4.2012 г.
7. Учество на Меѓународен економски конгрес во Берлин, 2011 г.
8. Учество на меѓународната конференција “Challenges and performance of post socialist tourism in Central Eastern European Countries”, Букурешт, Романија (2011).
9. Учество на меѓународната конференција “Fostering Development of Agriculture in Albania through Improved Employment of Agricultural Resources”. 2011.
10. Учество на меѓународната конференција “The Influence of Tourism on Economic Development”, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, Македонија, (2011).
11. Учество на меѓународната конференција 3rd International Conference on Entrepreneurship, Innovation and Regional Development, Кладово, Србија, мај 2010 г.
12. Учество на меѓународната конференција VI May Conference on Strategic Management Кладово, Србија, мај 2010 г.
13. Учество на меѓународната конференција “The economy and business in post-recession”, Економски факултет - Прилеп, Универзитет „Св.Климент Охридски” - Битола, октомври 2010 г.
14. Учество на меѓународната конференција Economic & Social Challenges and Problems 2010 - “Facing Impact of Global Crisis”, Економски факултет, UT, Тирана, Албанија, 11 декември 2010 г.
15. Учество на студентскиот симпозиум за стратегиски менаџмент, Бор, Србија, 2006 г.

***Стручни награди и признанија***

Сертификат за туристички водич, рег.број 228/2013, Штип 25.12.2013, бр.228 (Факултет за туризам и бизнис логистика издава Сертификат за туристички водич врз основа на член 33-в став 1 од Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04 и 89/09), согласно со член 100, став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10) и дадената согласност бр.12-5125/2 од 8.10.2010 г. од Министерството за образование и наука).

Сертификат за особен придонес на економскиот конгрес во Берлин од страна на Институтот за културна дипломатија "The Berlin International Economics Congress 2011: An International Conference on the Future of Nation Branding, Tourism and International Investments in a Globalized World" (Берлин, 9 – 12.3. 2011).

Пофалница за постигнат успех на Економски факултет - Прилеп, 2008 г.

Добиен сертификат за комплетирање на курсот Integrated Marketing Communication одржан од страна на Robert Lauterborn PhD, University of North Carolina, Chapel Hill U.S.A, 10 - 28 јули 2006 г.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека кандидатката д-р Татјана Бошков покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Научноистражувачката работа на кандидатката е контиунуирана и ја потврдува нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област, како и стручноста со која владее во наставно- научната област за којашто кандидатот конкурира.

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнати за време на своето работење, како и на планот на стручното усовршување, учеството на симпозиуми и конференции, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, кандидатката д-р Татјана Бошков да се избере во **наставник во наставно научно звање доцент за наставно-научната област *финансиски менаџмент***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Глигор Бишев, вонреден професор – претседател, с.р.**
**Д-р Ристо Фотов, редовен професор – член, с.р.**
**Д-р Нако Ташков, вонреден професор - член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Избран во звање помлад асистент | | | | | 10 |
| | ВКУПНО | | | | | **10** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир** (10) и (1,2,3,7,8,9,11,12,13,14,15,16,17,18,19, 20,21,22,23,24,25,26,27) | 1 | 1 | 23 | 2 | 47 |
| | **Учество на научен собир со реферат** (усно, потвдено со сертификат за учество) (34,35,36,37,39,42) | 5 | 1,5 | 1 | 2 | 9,5 |
| | **Одбранета докторска теза** | 1 | 8 | | | 8 |
| | **Одбранет магистерски труд** | 1 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **68,5** |
| **Р. бр.** | **Стручн-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | **Труд во стручно научно-популарно списание** (4,5 и 6) | | | 3 | 6 | 18 |
| | **Член на факултетски орган, комисија;** член на уписна комисија и администратор (33 и 32) | 4 | 2 | | | 8 |
| | Стручни награди и признанија (48, 49, 50 и 51) | 4 | 4 | | | 16 |
| | **ВКУПНО** | | | | | 42 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **120,5** |